Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 февруари 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Благица Камчева од Скопје УП2 09-379/23 од 26 декември 2023 година против Фактура за испорачана електрична енергија бр. 1136948621 за период 28.10.2023-28.11.2023 издадена од ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје СЕ ОДБИВА.

2. Фактурата за испорачана електрична енергија бр. 1136948621 за период 28.10.2023-28.11.2023 издадена од ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Благица Камчева од Скопје до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-379/23 од 26 декември 2023 година против Фактура за испорачана електрична енергија бр. 1136948621 за период 28.10.2023-28.11.2023 издадена од ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје.

Жалителот потенцира дека во приговараната фактура има законска затезна камата од 2.578,00 денари, за која нема дадено признание.

Според Електродистрибуција – жалителот на 08.11.2023 година на evnonline.mk извршил плаќање при што сам ја заокружил фактурата бр. 0010200805 и извршил плаќање на истата.

По задоцнето плаќање е направена пресметка на камата во КЛ 2051540606 и истата е прикажана на фактурата 1136948621 која се однесува за истиот период кога е направено и плаќањето.

Каматата е произлезена поради задоцнето плаќање на побарувања по крајниот рок за плаќање.

Согласно Законот за облигациони односи за плаќањето на побарувања за електрична енергија по крајниот рок за плаќање (наведен во самите фактури, независно дали се редовни, тужени, спогодби за плаќање на рати и сл.) се пресметува законска казнена камата.

Каматата се пресметува по извршена уплата, истата е дел од фактурите за електрична енергија и останува обврска за плаќање на корисникот.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 16 јануари 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-379/23 од 26 декември 2023 година со прилог:

-Приговараната фактура
-Полномошно за Адвокат Диме Ѓорчевски од Скопје
2. Одговор на Приговор и Дополнителни докази од ЕВН од 2 јануари 2024 година со прилог:
-Каматна листа за корисник 0010600701 од 30 ноември 2023 година

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Согласно член 36 став (1) од Правилата за снабдување со електрична енергија („Службен весник на РМ" бр.172/18 и „Службен весник на РСМ" бр.138/19 и 159/22) ако поинаку не е уредено со договорот за снабдување, потрошувачот ја плаќа фактурата за потрошената електрична енергија во рок од 20 дена од денот на завршувањето на пресметковниот период. Согласно став (2) од истиот член, плаќањето на износот за пресметковниот период на којшто се однесува доставената фактура не го ослободува потрошувалот од обврската за плаќање на неплатените фактури од претходните пресметковни периоди, вклучително и казнена камата утврдена со закон или со договорот за снабдување во износи наведени во фактурата.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–379/23**
**8 февруари 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**